**УГОТУР А.Д.-Скопје**

**за организирана исхрана,угостителство и туризам**
**агенциско работење и трговија**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО
# ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. - 31.12.2022 година

**февруари 2023 година**

Во деловната 2022 година, Друштвото во своето работење ги постигна следниве резултати:

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| во денари | 2021 | 2022 | индекс 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Вкупно оперативни приходи | 282.692.229 | 297.295.295 | 105,17% |
| Вкупно оперативни расходи | 274.758.816 | 269.674.915 | 98,15% |
| Добивка од работење | 7.933.413 | 27.620.380 | 348,15% |
| Финансиски приходи / расходи | 359.300 | 441.318 | 122,83% |
| Добивка пред оданочување | 8.292.713 | 28.061.698 | 338,39% |
| Данок на добивка | 832.195 | 3.077.586 | 369,82% |
| **Добивка по оданочување** | **7.460.518** | **24.984.112** | **334,88%** |

Ваквиот финансиски резултат произлегува од:

## ПРИХОДИ

| во денари | 2021 | 2022 | индекс 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на стоки и услуги на домашен пазар | 281.191.777 | 265.456.921 | 94,40% |
| Приходи од продажба на стоки и услуги на странски пазар | - | - | - |
| Приходи од посредување на домашен пазар | 1.087.986 | 31.515.844 | 2896,71% |
| Останати приходи од продјжба | 298.767 | 164.823 | 55,17% |
| Добивка од продажба на основни средства | 25.423 | 110.721 | 435,52% |
| Останати оперативни приходи | 88.276 | 46.986 | 53,23% |
| Приходи од дивиденди | 359.300 | 498.350 | 138,70% |
| Останати финансиски приходи | - | 10.531 | - |
| **Вкупни приходи** | **283.051.529** | **297.804.176** | **105,21%** |

Најголемо влијание врз порастот на приходите и на остварената добивка по оданочување на Друштвото има порастот на приходите од посредување, остварени на домашен пазар.

## РАСХОДИ

| во денари | 2021 | 2022 | индекс 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 6.720.664 | 4.154.900 | 61,82% |
| Потрошена енергија и гориво | 655.267 | 434.564 | 66,32% |
| Трошоци за ситен инвентар | - | 552.262 | - |
| Надворешни услуги | 805.854 | 584.103 | 72,48% |
| Трошоци за наемнини | 376.039 | 324.978 | 86,42% |
| Посредничка провизија | 1.087.986 | 964.681 | 88,67% |
| Бруто плати | 5.453.001 | 3.661.494 | 67,15% |
| Останати трошоци за вработените | 450.681 | 327.227 | 72,61% |
| Амортизација | 87.194 | 296.131 | 339,62% |
| Трошоци за репрезентација | 30.370 | 2.432.666 | 8010,10% |
| Вредносно усогласување на ситен инвентар | - | 779.768 | - |
| Трошоци што се рефактурираат | 295.701 | 54.879 | 18,56% |
| Комунални услуги | 155.926 | 77.612 | 49,77% |
| Кало, растур, кршење и расипување | 157.821 | 37.945 | 24,04% |
| Финансиски расходи | - | 67.563 | - |
| Останати расходи | 371.296 | 288.166 | 77,61% |
| Набавна вредност на продадени стоки | 258.111.016 | 254.703.539 | 98,68% |
| **Вкупни расходи** | **274.758.816** | **269.742.478** | **98,17%** |

Во 2022 година намалување има кај сите видови на расходи, освен кај расходите за репрезентација и за амортизација.

## ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ДРУШТВОТО

Со истекот на деловната 2022 година Друштвото ги заврши своите деловни активности поврзани со работењето согласно Одлуката за голема зделка донесена од Собранието на акционери на УГОТУР АД Скопје на 27.05.2020 година. Со оваа Одлука беше одобрено УГОТУР АД Скопје како посредник да врши набавки на стоки и услуги за потребите на ЕВРОПА АД Скопје. Исто така, во средината на 2022 година Друштвото престана со извршување на споредната угостителска дејност. Од овие причини, во наредната година се очекува намалување на приходите и добивката на Друштвото во значителен износ. Раководството на Друштвото веднаш по овие настани презеде мерки за намалување на трошоците. Основна дејност на Друштвото останува неспецијализирана трговија на големо.

## РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ

Со Одлука на Собранието на акционери на Друштвото одржано на 13.05.2022 година добивката по оданочување остварена во 2021 година во износ од 7.460.518 денари е распределена за покривање на акумулираните загуби од минати години.

## ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО И ОДНОСОТ НА ДОЛГОРОЧНИОТ ДОЛГ СПРЕМА ГЛАВНИНАТА

Во структурата на пасивата капиталот и резервите на 31.12.2022 година учествуваат со 44,77%, а што укажува на умерено ниво на финансирање на работењето од сопствени извори.

За извршување на својата дејност во текот на 2022 година Друштвото користеше долгорочен кредит во износ од 456.750 денари, од кој делот што доспева за плаќање во 2023 година изнесува 304.500 денари. Долгорочниот долг во главнината и резервите на Друштвото на 31.12.2022 година учествува со незначителни 0,71%.

## СТЕКНУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИ АКЦИИ

На 31.12.2022 година УГОТУР АД Скопје има откупено 86.500 обични акции што претставува учество од 9,99% во основната главнина. На 31.12.2021 година УГОТУР АД Скопје имаше откупено 86.500 обични акции (учество од 9,99% во основната главнина). Во текот на 2022 година немаше стекнување на нови сопствени акции на Друштвото.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО

Управувањето во Уготур АД-Скопје е организирано според едностепен систем на управување. Одборот на директори е составен од 4 члена.

## НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Во текот на 2022 година извршниот член на Одборот на директори на Уготур А.Д.Скопје Оливер Стојчевиќ по основ на плати и надоместоци од плати како и регрес има примања само во Друштвото во кое е вработен. Неизвршниот член на Одборот на директори Александар Илијевски по основ на плати и надоместоци од плати како и регрес има примања само во друштвото во кое што е вработен. Неизвршниот независен член на Одборот на директори Марина Симоноски по основ на плати и надоместоци од плати како и регрес има примања само во друштвото во кое што е вработена. Неизвршниот член на Одборот на директори Душко Ангелов по основ на плати и надоместоци од плати како и регрес има примања само во друштвото во кое што е вработен.

**Извршен директор**

**/Оливер Стојчевиќ/**

Акционерско друштво за организирана исхрана агенциско работење и трговија "УГОТУР" СКОПЈЕ